# ЗАКОН ЗА ПАРИЧНАТА ЕДИНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(“Службен весник на Република Македонија” бр. 26/92 од 27.04.1992 година)

Член 1

Паричната единица на Република Македонија е денар. Денарот се дели на 100 дени.

Член 2

Книжните пари и кованите пари кои гласат на денар се единствено законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија.

Во платниот промет се употребува скратениот назив на паричната единица на Република Македонија: ДЕН.

Член 3

Сите права и обврски по работи кои гласат на пари, а се склучени на територијата на Република Македонија, како и сите вредности и износи, се искажуваат во износи кои гласат на денари.

Член 4

Курсевите на странските валути на денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги утврди Народната банка на Република Македонија.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.